Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-234/10
Прилеп, 05.03.2021 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА П.И.„ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2020 - 31.12.2020 ГОДИНА

*Содржина:*

1. Основни податоци за друштвото

2. Управување со финансиски ризик

3. Инвестиции

4. Дивиденда

5. Финансирање

6. Големи зделки

7. Односи со поврзани субјекти

8. Акционерски капитал

9. Надоместоци на раководството

10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

11. Трудова статистика

12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

13. Корпоративна општествена одговорност

14. Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување

15. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото

## 1. Основни податоци за друштвото и поврзаните правни субјекти

**Прехранбена индустрија „Витаминка“ а.д. Прилеп**, е основана во 1956 година со Решение - рег.бр. 9/56, на тогашниот Окружен Стопански суд во Битола, како фабрика за производство на црвена пипер. Во текот на годините друштвото активно вложува во развојни проекти, значително го проширува сопствениот производен асортиман и бележи континуиран раст. Со Решение бр. 1485/98 од 20.10.1998 год. во Основниот суд Битола како регистарски суд е спроведена судска регистрација на „Витаминка“ како акционерско друштво, а во насока на усогласување со Законот за трговските друштва.

Со примената на законските прописи (Законот за централниот регистар и др. прописи) податоците за П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, од трговскиот регистар кој се водеше во Основниот суд во Битола, пренесени се во Централниот регистар на Р.М. Основните податоци за друштвото се следните:

- Единствен матичен број (ЕМБС) 4015215,
- Целосен назив на субјектот на упис: Прехранбена индустрија „Витаминка“ а.д. Прилеп,
- Седиште: ул. „Леце Котески“ бр. 23 - Прилеп,
- Вид на правното лице: 05.5 Акционерско друштво,
- Големина на деловниот субјект: Голем,
- Одговорност во правниот промет: За обврските створени во правниот промет со трети лица, друштвото одговара со сите свои средства,
- Датум на првична регистрација: 20.10.1998 год.
- Траење: Неограничено

ОСНОВНА ГЛАВНИНА:

- Основачки влог МКД: 248.770.775,00
- Основачки влог EUR: 4.049.000,00

Уплатено во целост

- Број на акции: 76.720

Во 2020 год. резервиран општествен капитал не постои.

Во 2020 год. бројот на акциите изнесува 76.720. Сите акции се обични со право на еден глас. Номиналната вредност на поединечна акција изнесува 52,78 Евра.

Основната дејност на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп согласно НКД е: Производство на какао, чоколади и кондиторски производи, шифра: 10.82. Друштвото во Централниот регистар на Република С. Македонија има регистрирано и општа клаузула за бизнис.

Поврзани субјекти со П.И.„Витаминка“ АД Прилеп се следните правни лица:

- Друштвото **„Ведрина-2“ ДОО Белград, Република Србија**, основано на 28.06.2003 година, ЕМБС 17418777, со приоритетна деност 46.31, според НКД во Р.Србија, трговија на големо со шеќер, чоколади и слатки.

- **„Витаминка БГ“ ЕООД, Софија, Република Бугарија**, ЕМБС 202127272, со приоритетна дејност купопродажба на стоки и услуги, според НКД на Р.Бугарија.

- Дополнително, П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп се појавува и како еден од основачите на **„Пакомак“ ДОО Скопје**, со удел во висина од 1/11 од основачкиот влог на друштвото.

- На 02.10.2017 година беше основано **Друштвото за превоз, трговија и услуги „В-РОУТЕ“ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп**, чија основна дејност е 49.41 од НКД - Товарен патен транспорт. Целта е преку ова друштво во перспектива да се одвива дистрибуцијата на нашите производи, но и да се даваат надворешни услуги во овој дел, на начин што друштвото ќе биде самоодржливо или ќе стане профитен центар, а нема да биде на товар на основачот или матичното друштво.

- Во текот на 2017 година или поточно на 07.07.2017 година беше основано и **Здружението Женски РАКОМЕТЕН КЛУБ ДЕСПИНА Прилеп**, по барање на врвното раководство на „Витаминка“, од страна на повеќе физички лица вработени во П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, а во согласност со Законот за здруженија и фондации.

## 2. Управување со финансиски ризик

### 2.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 2.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

### 2.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на

средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии. Изворите на финансиски средства како дополнителни извори за обртен капитал за секојдневната работа на друштвото и од сопствените извори на такви средства (од остварената годишна добивка и од издвоените средства од амортизацијата), континуирано се намалуваат.

### 2.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

Ризик од курсни разлики

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат неповолен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### 2.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

### 3. Инвестиции

Во 2020 година беа ставени во функција инвестиции во износ од 970.979,00 ЕВРА. Овие инвестиции се реализирани преку земени долгорочни кредити од банки и со користење на сопствени извори, оствареniot позитивен финансиски резултат и годишната амортизација.

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2019 г | 2020 г | Раст / Пад |
| | мкд | мкд | % |
| Нематеријални средства | 3.133.195,00 | 196.651,00 | -93,72 |
| Земјишта и градежни објекти | 109.633.296,00 | 2.796.023,00 | -97,45 |
| Опрема | 125.966.912,00 | 12.434.655,00 | -90,13 |
| Долгорочни вложувања | 9.199.036,00 | 44.287.918,00 | 381,44 |
| ВКУПНО | 247.932.439,00 | 59.715.247,00 | -75,91 |

### 4. Дивиденда

На 17.06.2020 година на Годишното собрание на акционери не е одобрена пресметка и исплата на дивиденда за 2019 година. Добивката е распоредена во резерви за инвестициони вложувања.

### 5. Финансирање

Преглед на обврски по долгорочни и краткорочни позајмици по доспеаност во илјади мкд:

| | *2020* | *2019* |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| Про Кредит Банка, Скопје | 407,524.00 | 416,102,00 |
| Комерцијална Банка, Скопје | 746,242.00 | 468,252.00 |
| НЛБ Банка | 47,222.00 | |
| Стопанска Банка Скопје | 15,759.00 | |
| Шпаркасе Банка, Скопје | | |
| **Вкупно долгорочни позајмици** | **1,216,747.00** | **884,354.00** |
| Намалено за: тековна доспеаност | -183,678.00 | -94,377.00 |
| **Долгорочен дел** | **1,033,069.00** | **789,977.00** |
| **Краткорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| Комерцијална банка во вкупен износ од 40,000 илјади денари | | |
| Шпаркасе банка во вкупен износ од 61,500 илјади денари | 60,000.00 | 61,500.00 |
| НЛБ банка во илјади денари | 33,807.00 | 223,384.00 |

| | | |
|---|---|---|
| Шпаркасе лизинг | 354.00 | |
| Обврски по кредитни картички со варијабилна каматна стапка | 90.00 | 270.00 |
| **Вкупно краткорочни позајмици** | **94,251.00** | **285,154.00** |
| Тековна доспеаност на долгорочни позајмици со камата | 183,678,00 | 94,377.00 |
| **Краткорочни позајмици и тековно доспев.на долгор.поз,** | **277,929.00** | **379,531.00** |
| **Се́ вкупно позајмици и фин.наем** | **1.310.998.00** | **1,169,508.00** |
| ***Во илјади ЕУР*** | ***21,317.00*** | |

***16,498.00***

## 6. Големи зделки

Во 2020 година беа склучени две големи зделки во согласност со членовите 455 и 456 од Законот за трговските друштва, за чие одлучување исклучива надлежност имаше Одборот на директори и тоа:

- Одлука бр. 02-405/2 од 16.03.2020 година, за задолжување на Друштвото врз основа на Договор за рамковен револвинг кредитен лимит со заложување на недвижен и подвижен имот во сопственост на Друштвото и обезбедување со меници, на износ од 13.300.000,00 ЕУР.
- Одлука бр. 02-1646/2 од 12.11.2020 година, за давање согласност за склучување анекс кон постоечки Договор за рамковен лимит со ПроКредит Банка АД Скопје, во износ до 4.000.000,00 Евра, обезбеден со засновано заложно право над недвижен и подвижен имот.

## 7. Односи со поврзани субјекти

Трансакциите со поврзаните друштва се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

| **2020** | **Побарувања** | **Обврски** | **Приходи** | **Расходи** |
|---|---|---|---|---|
| Витаминка БГ ЕООД Софија | 4.254.744 | 0 | 39.362.152 | 2.650.571 |
| Ведрина 2 ДОО Белград | 38.035.027 | 7.869.718 | | 84.447.324 |
| В-роуте | 18.365.693 | 18.375.489 | 5.677.968 | 64.967.447 |

## 8. Акционерски капитал

На 31 декември 2020 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 248,771 илјади МКД. Истиот е поделен на 76,720 запишани и во целост платени обични

На 31.12.2020 год. друштвото имаше стекнато вкупно 1860 сопствени акции во согласност со Одлуката на Собрание на акционери со арх.бр. 02-748/11 на седницата одржана на 17.06.2020 година,. и врз база на претходните одлуки. Истовремено со оваа одлука, беше донесена и Одлука за отуѓување сопствени акции бр. 02-748/12 од

17.06.2020 год., а со цел, доколку за тоа се создаде можност, да изврши отуѓување или поништување на акциите во нареден период, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва. Инаку, може да се констатира дека сите акции се стекнати согласно член 333 од Законот за трговските друштва и не беше евидентирано никакво отстапување од законските рамки. Во периодот на важењето на одлуката не беше пристапено кон отуѓување или поништување на акциите. Процесот на стекнување сопствени акции со откуп согласно споменатата одлука може да продолжи најдоцна до 16.06.2021 година заради тоа што истата има важност од најмногу 1 (една) година согласно закон. Причините за стекнувањето сопствени акции со откуп би можеле да се лоцираат во настанатите поврзувања, присоединувања, спојувања и поделби на друштва во регионот, а пред сѐ влијанието на одредени поголеми трговски ланци во делот на производството и продажбата на храна. Од нивна страна беа купени повеќе помали конкурентски друштва, со чие присоединување настана реална опасност да се монополизира пазарот и да се преземат разни активности за уништување или нанесување штети на останатите конкуренти на пазарите во регионот.

Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп во 2020 година се стекна со 2807 обични акции од Комерцијална Банка АД Скопје и НЛБ Банка Љубљана со 9900 обични акции.

## 9. Надоместоци на раководството

На членовите на органот на управување на Друштвото во 2020 година вкупно се исплатени 34.937.431,00 денари.

## 10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

### 10.1. Поединечни финансиски извештаи

Во продолжение се презентира билансот на состојбата и успехот за 2020 година:

***Биланс на состојба:**

| | 31 декември 2020 000 МКД | 31 декември 2019 000 МКД |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | |
| | 1,334,360 | 1,354,512 |
| Нематеријални средства | 3,879 | 3,683 |
| Вложувања во подружници | 113,232 | 113,232 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 116,379 | 62,133 |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1,567,850** | **1,533,560** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 495,825 | 410,210 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 490,398 | 460,645 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 35,710 | 19,395 |
| | **1,021,933** | **890,250** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно средства** | **2,589,783** | **2,423,810** |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | | |
| Акционерски капитал | 248,771 | 265,532 |
| Резерви | 314,859 | 278,879 |
| Акумулирани добивки | 424,606 | 428,256 |
| | **988,236** | **972,667** |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Позајмици | 1,033,069 | 789,977 |
| | **1,033,069** | **789,977** |
| **Тековни обврски** | | |
| Позајмици | 277,929 | 379,531 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 290,538 | 281,108 |
| Обврска за данок на добивка | 12 | 527 |
| | **568,479** | **661,166** |
| **Вкупно обврски** | **1,601,547** | **1,451,143** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **2,589,783** | **2,423,810** |

***Биланс на успех:**

| | Година што завршува на | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2020 000 МКД | 31 декември 2019 000 МКД |
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 2,343,955 | 2,282,178 |
| Останати деловни приходи | 64,031 | 83,934 |
| Набавна вредност на продадени стоки | -14,019 | -11,994 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -1,538,011 | -1,548,871 |
| Трошоци за користи на вработените | -377,726 | -346,807 |
| Амортизација и депрецијација | -104,190 | -102,214 |
| Останати деловни трошоци | -325,640 | -334,129 |
| Промени на залихите на готови производи | 809 | 25,940 |
| **Добивка од оперативно работење** | **49,209** | **48,037** |
| Финансиски приходи | 7,481 | 3,735 |
| Финансиски расходи | -40,786 | -32,807 |
| Финансиски (расходи), нето | -33,305 | -29,072 |
| **Добивка пред оданочување** | **15,904** | **18,965** |
| Данок на добивка | -2,187 | -1,597 |

| | | |
|---|---|---|
| **Нето добивка за годината** | **13,171** | **17,368** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** | | |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | 10,807 | 12,655 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **24,524** | **25,023** |

- *Финансиски показатели:*

- Оперативна профитна маржа пред амортизација – ЕБИТ ДА:
  - Во 2020 год. ЕБИТ ДА изнесува 6,00%.

- Оперативна профитна маржа по амортизација – ЕБИТ:
  - Во 2020 год. ЕБИТ изнесува 1,93%.

- Согласно склучениот договор за кредити со комерцијалните банки, Друштвото е должно, во текот на целиот период на отплата на долгот, да ги пресметува и одржува следните соодветни финансиски показатели:

а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА

б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА(не повисок од 7)

ц. Степен на финансиска сигурност (не понизок од 40%)

Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

| | 2020 |
|---|---|
| а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА | 0,94 |
| б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 8,55 |
| ц. Степен на финансиска сигурност | 38,16 |

## 10.2. Консолидирани финансиски извештаи

### Биланс на состојба

| | 31 декември 2020 000 МКД | 31 декември 2019 000 МКД |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | 1.366.465 | 1.379.757 |
| Нематеријални средства | 4.173 | 3.918 |
| Вложувања во подружници | 117.030 | 66.054 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | | |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1.487.668** | **1.449.729** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 500.141 | 410.250 |

| | | |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 496.887 | 432.201 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 38.104 | 21.375 |
| | **1.035.132** | **863.826** |
| **Вкупно средства** | **2.522.799** | **2.313.555** |
| | | |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | **867.670** | **843.353** |
| Акционерски капитал | 269.472 | 268.215 |
| Резерви | 296.693 | 279.325 |
| Акумулирани добивки | 301.505 | 295.813 |
| | | |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | **1.033.069** | **790.002** |
| Позајмици | 1.033.069 | 790.002 |
| | | |
| **Тековни обврски** | **622.061** | **680.200** |
| Позајмици | 281.105 | 379.531 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 340.955 | 300.669 |
| Обврска за данок на добивка | | |
| | | |
| **Вкупно обврски** | **1.655.129** | **1.470.202** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **2.522.799** | **2.313.555** |

## Биланс на успех

| | Година што завршува на | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2020 000 МКД | 31 декември 2019 000 МКД |
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 2.352.461 | 2.283.764 |
| Останати деловни приходи | 49.297 | 67.107 |
| Набавна вредност на продадени стоки | -4.563 | -7.081 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -1.542.459 | -1.537.310 |
| Трошоци за користи на вработените | -410.387 | -390.544 |
| Амортизација и депрецијација | -114.930 | -107.009 |
| Останати деловни трошоци | -268.907 | -287.751 |
| Промени на залихите на готови производи | 809 | 25.940 |
| **Добивка од оперативно работење** | **61.323** | **47.116** |
| Финансиски приходи | 9.024 | 5.844 |
| Финансиски расходи | -41.027 | -33.071 |
| Финансиски (расходи), нето | -32.003 | -27.227 |
| **Добивка пред оданочување** | **29.320** | **19.889** |
| Данок на добивка | -3.478 | -1.795 |
| **Нето добивка за годината** | **25.842** | **18.094** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** | **10.807** | **12.655** |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | | |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **36.649** | **30.749** |

## 10.3. Преглед на остварени резултати од Витаминка АД и поврзани друштва

Износите се прикажани во денари

**1 . Витаминка АД**

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 2.563.699.837 |
| Вкупни расходи | 2.549.982.684 |
| Нето добивка / загуба | 13.717.153 |

**2 . В-Ротуе**

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 73.048.008 |
| Вкупни расходи | 61.523.928 |
| Нето добивка / загуба | 11.524.080 |

**3 . Ведрина 2**

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 6.900.126 |
| Вкупни расходи | 6.467.868 |
| Нето добивка / загуба | 432.258 |

**4 . Витаминка БГ**

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 6.739.428 |
| Вкупни расходи | 6.570.691 |
| Нето добивка / загуба | 168.737 |

**5. Вкупен резлутат**

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 2.650.387.399 |
| Вкупни расходи | 2.624.545.171 |
| Нето добивка / загуба | 25.842.228 |

## 11. Трудова статистика

Трудовата статистика на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп ги интегрира различните аспекти поврзани со менаџментот на човечките ресурси, следење на бројот на вработени, половата, образовната, националната структура, просечната старост на работниците во организацијата, следење на боледувањата и сл.

На 31.12.2020 год. во ПИ „Витаминка“ АД Прилеп, вработени се вкупно 661 работник, а просечниот број на вработени во текот на 2020 год. изнесуваше 675 работници, од кои 52% се жени, а 48% се мажи. Правејќи споредба со состојбата на 31.12.2019 год., кога вкупно вработени биле 701, може да се констатира дека на 31.12.2019 год. имало 40 вработени повеќе за разлика од 31.12.2020 год.

Во однос на просечниот број вработени во текот на годините, во 2020 година, просечен број на вработени е 675 лица и забележано е благо опаѓање на просечниот број вработени во споредба со 2019 год., кога просечниот број бил 689 лица. Споредувајќи ги претходните години, 2015г., 2016г., 2017г., 2018г. и 2019г. може да се констатира дека во 2016г. просечниот број на вкупно вработени е за 7 лица поголем отколку во 2017г., а потоа константно се бележи пораст на вкупен број на вработени лица во текот на 2018г.

На ден 31.12.2020 год., од вкупниот број на вработени во ПИ „Витаминка“, на неопределено време вработени се 425 лица, а останатите 236 лица се вработени на определено време. Просечно годишно - 443 лица се вработени на неопределено време, а 232 лица се вработени на определено време или процентуално изразено тоа би било: 66% од просечниот број на вработени биле на неопределено време, а останатите 34% од просечно вработените, се вработени на определено време.




Просечната старост на вработените во ПИ „Витаминка“, на крајот на 2020 год., изнесува 44,2 години, од кои просечна возраст на жени е 44,6 години, а просечна возраст на мажи е 43,8 години.

На крајот на 2019 год. просечната возраст на вработените била 45,2 години. Правејќи компарација меѓу двете последни години се констатира дека во 2020 година имаме помлада старосна структура поради намалување на бројот на вработени во 2020 година кои се прогласени како технолошки вишок (отказ од деловни причини), а тоа е најстара структура на вработени.

Во текот на 2020 год., вкупно 100 лица биле нововработени или повторно вработени согласно потребите за работа. Оние лица со кои повторно беше заснован работен однос беа селектирани од редот на тие кои постигнале најдобри резултати од дотогашното работење. Најголем број од нововбработени лица или 89, се вработени во производствените погони и одржувањето. Бројот на нови вработени во текот на 2019 год. изнесувал 104 лица, а согласно презентираното, ваквата состојба со нови вработувања и флуктуации е иманентна и за 2020 година.

Од аспект на образовната структура во друштвото, 53% од вкупниот број вработени (состојба на 31.12.2020 год.) имаат завршено четиригодишно средно образование. Високо образование – додипломски студии, имаат завршено 21% од вкупниот број вработени. За споредба со претходната 2019 година, оваа година имаме благ пораст од 2% на вработените кои имаат завршено високо образование. Од аспект на едукацијата, „Витаминка“ во континуитет спроведува обуки за вработените, како интерни, така и екстерни, а согласно со Планот за обуки кој се изработува за секоја деловна година. Во споменатиот План за обуки на вработените е применет секторскиот принцип, на начин што одговорните лица на секоја организациска единица предлагаат обуки за тој дел, а Одборот на директори конечно го одобрува ваквиот план, како сегмент кон годишниот План за работа на друштвото во тековната година.

Во друштвото во континуитет се спроведуваат активности од областа на човечки ресурси, се доделуваат јубилејни награди за позначаен работен стаж во друштвото, се доделуваат награди по повод исполнување услов за старосна пензија, се избира работник на месецот, овозможена е работа со скратено работно време во траење од три месеци по завршувањето на породилното отсуство, се доделува стимулација за трето дете, стимулација за повисок степен завршено образование од бараниот за конкретното работно место итн. Во сите три фабрики во Р.С.Македонија е организирана квалитетна исхрана за вработените, а во фабриките во Прилеп е организиран и соодветен превоз.

Во 2019 година, за прв пат, „Витаминка“ во соработка со Делегација на германско стопанство во С.Македонија, склучи договор за дуално стручно образование за профилот техничар за индустриска мехатроника. Целта е да се отпочне со реализација на комбинирана настава во соработка со СОУ „Ристе Ристески Ричко“ во Прилеп, по моделот 1:2:2, на начин што учениците ќе ја реализираат практичната настава во компаниите партнери на проектот. Првите пет ученици започнаа со задоцнета реализација на практичната настава во „Витаминка“ од март 2021 година, а заради пандемиските услови и ограничувањата во образовниот процес. Бројот на ученици кои ќе доаѓаат на практична настава / обука во „Витаминка“ ќе се зголемува секоја година за пет и со секој од нив ќе се креира индивидуален стручен пристап, во согласност со утврдениот план за реализација на практичната настава.

„Витаминка“ континуирано стипендира студенти на техничките факултети во државава. Актуелно се стипендираат четири студенти, двајца од Технолошки факултет во Скопје – прехранбена насока, еден стипендист од ФЕИТ и еден стипендист од Машинскиот факултет при УКИМ.

## 12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

Имајќи го предвид фактот дека станува збор за сложена организација - акционерско друштво, односно за голем деловен субјект, во друштвото воспоставена е и успешно функционира широко разгранета организациона структура. На врвот на организационата структура се наоѓа Собранието на акционери кое го претставуваат вкупно 227 акционери со право на глас (состојба на 31.12.2020 год.). Во текот на 2020

година, беше одржано едно Годишно Собрание на акционери. Годишното Собрание на акционери се одржа на 17.06.2020 година, почитувајќи ги сите препораки за заштита од Ковид-19. На Собранието се одлучуваше по 10 точки на дневниот ред. Собранието се одржа без никакви проблеми во работењето.

Организираниот едностепен систем на управување (преминот од двостепен на едностепен систем) кој се случи на Годишното Собрание на акционери на 09.06.2014 година, во 2020 година функционираше без никакви проблеми и крајно посветено. Имено, во текот на целата 2020 година и покрај тешкотиите наметнати со здравствената криза, беа одржани вкупно 11 /единаесет/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 28 одлуки и повеќе други акти. Бројот на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2020 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва.

На Годишното Собрание на акционери одржано на 17.06.2020 година, со поединечно гласање беше одобрена работата на сите членови на Одборот на директори: Симон Наумоски - Претседател (неизвршен член), Сашо Наумоски - Генерален извршен директор (извршен член), Благоја Ѓорѓијовски - Неизвршен член, Горан Рафајловски – Независен неизвршен член и Марјан Бојаџиев – Независен неизвршен член. Членовите на Одборот на директори имаат мандат од 4/четири/ години сметано од 12.06.2018 година и заклучно до 12.06.2022 година, со право на повторен избор.

Во П.И.„Витаминка" а.д. Прилеп во 2020 година функционираа воглавно вкупно 10 (десет) сектори. Притоа, во согласност со "Adižes" методологијата беше извршена промена на организационата структура, а вклучително и на називите на одредени сектори. Така, во 2020 година функционираа: Технички сектор, сектор за Набавки и логистика, Продажен сектор 1 - Република Македонија (продажба на домашен пазар), Продажен сектор 2 - Република Србија (продажба во Р.Србија), Продажен сектор 3 - останат свет (продажба во странство без Р.Србија), сектор за Правни и општи работи, сектор за Финансии, сектор за Контрола на квалитетот, сектор за Развој и сектор Маркетинг. На чело на секој сектор е поставен директор, со исклучок на секторот Маркетинг за кој формално не беше именуван директор. Во друштвото е формиран и активно функционира Оперативен тим, предводен од Генералниот извршен директор. Членови на тимот се директорите на секторите, вклучително и Шефовите на производство на Фабрика 1 и 2 и Управителот на В-Роуте ДООЕЛ Прилеп. Оперативниот тим се состануваше на редовна основа и одлучуваше за сите важни прашања поврзани со оперативното работење.

Во друштвото се определени три нивоа на менаџмент и тоа: ниско, средно и високо ниво на менаџмент, со прецизно определени права и одговорности во работењето.

Процесот на донесување одлуки во друштвото е крајно транспарентен и истиот го сочинуваат следните активности: идентификување на проблем, анализирање на проблем, развивање на алтернативни решенија, избор на најдобрата солуција, претворање на одлуката во акција и следење на преземените активности.

## 13. Корпоративна општествена одговорност

Општествената одговорност е веќе години наназад дел од самата суштина и стратешка определба на Витаминка. Ангажираниот однос кон заедницата е интегриран и претставува суштински дел од плановите за развој или од секојдневното работење на компанијата. Преку активностите што ги спроведуваме или ги поддржуваме, ја демонстрираме нашата искрена грижа за заедницата, за подобрување на условите во различни општествени сегменти и за создавање еднакви можности за сите.

Одговорноста што како една од најголемите компании во земјава ја имаме, ја демонстрираме во повеќе области, здравство, спорт, социјална еднаквост, култура, поп култура. Некогаш фокусот на нашето внимание е цела група граѓани, а некогаш тоа се поединци, индивидуалци кои имаат потреба од ургентна помош или пак се истакнел со некој значаен подвиг и на тој начин го заслужува внимание на Витаминка.

Филантропијата е во суштината на нашата корпоративна општествена одговорност. Посебен дел од тоа е грижата за оние што се во социјално неповолна ситуација. Покрај издвоени донации и помош, што како компанија ја даваме, исто така ја поддржавме иницијативата „Сите Сити" преку којашто го донираме вишокот храна што сè уште е во добра состојба и е безбедна за употреба. Со ова „Витаминка" е дел од проектот „Сити сити", чија цел е да помогне во рамноправна распределба на вишокот храна. Ваквата практика ќе доведе до намалување на состојбата со недоволната исхранетост во државата и намалување на недостатокот од храна. Но, исто така преку примерот на компаниите и индивидуалците вклучени во проектот, ќе придонесе и за зголемување на свеста на населението за одговорно однесување кон своите сограѓани. „Витаминка" ја доставува храната соодветно стандардите и правилата за транспорт, договорено според препораките од носителот на проектот, „Сите сити", а тие понатаму храната ја доставуваат до корисниците односно оние на кои им е потребна помош. Храната се донира и преку други здруженија во Македонија, како: Храна за сите-Банка за храна, Љубезност, Надеж за сите, Еурохуман Интернационал и Подај рака за спас.

Со оглед на пандемијата Ковид-19 која ја зафати и нашата држава, „Витаминка" донираше повеќе пакети со прехранбени производи за ранливи категории на граѓани, како и лица со посебни потреби, за здравствените работници во Инфективната клиника во Скопје, во Инфективното одделение во Прилеп и Центарот за здравствена заштита во Прилеп. Донирани беа и 450 брзи тестови за откривање на ковид-19 во Здравствен дом Прилеп. Воедно, на Општа болница Прилеп и беа донирани средства за изградба на системот за центарлни гасови, ракавици, маски и стерилни мантили, како и машина за перење во Инфективното одделение. Донираме 500 таблети преку Општина Прилеп за учениците во ООУ „Добре Јованоски" Прилеп. Донираме масло за вработени во Општина Кавадарци.

Исто така, нашиот придонес е голем и во спортот, со значајна поддршка на различни спортски активности од екипен карактер, но и индивидуални спортови. Една од активностите со кои посебно се гордееме е нашата грижа за локалниот спорт и за заживување на спортскиот живот во градот Прилеп, особено кај младата популација. Така, нашата компанија, како основач на Ракометниот клуб „Деспина", се грижи и ги обезбедува сите потребни услови за непречено тренирање и активно учество на членовите во клубот

во своите лиги (кадетска и сениорска). Покрај тоа, во текот на 2020 година ги поддржавме: Цевитана алпски куп – 2020, Охрид трчат, Трчај бе-Битола, ЖКК „Вардар", Атлетска федерација на Македонија, Џудо федерацијата на Македонија и ФК „Победа".

Во функција на поддршка на визуелните уметности, како и на македонската филмска продукција, „Витаминка" во измината година повторно ја поддржа единствената ситком серија „Преспав". Исто така, финансиски ги поддржавме и: Тавитјан Брадерс, серијата Зоки Поки, детската музичка емисија „Дајте музика", книгата „Песни од самоизолација" на словенечкиот писател Милан Јазбец, филмот „Тома", музичкиот фестивал Макфест во Штип, песната на Александар и Дац за на Макфест со лого Брилијант, емисијата со Васил Зафирчев (10 емисии по 5 мин), МАРИО ГОТВИ, емисијата „Готвиме со Маја" како проект на Баги комуникации, новогодишниот концерт Ласт Експедишн.

Поддршката на културните манифестации ја вклучува и поддршката за поп културата. Сите овие активности, посебно во сегментот на културата, поп културата и општествените настани и нивната поддршка, се во насока на дополнителна промоција на корпоративниот бренд, нашите компаниски вредности, како и на сите останати брендови на „Витаминка". Преку изборот на настани каде што сме присутни, го следиме диверзитетот на музичките настани и ја поддржуваме музичката уметност.

Сите активности што сме избрале да ги поддржиме се одраз на нашиот однос кон заедница, се рефлексија на нашите компаниски, колективни вредности, но исто така и во насока на засилена афирмација и популаризација на нашите производи.

## 14. Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување

Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп изјавува дека во целост се придржува кон Кодексот за корпоративно управување бр. 02-24/10 од 11.01.2021 година, а согласно со член 384-а од Законот за трговските друштва. Кодексот за корпоративно управување е објавен на веб страната на друштвото и со тоа јавно достапен за заинтересираните страни:

https://vitaminka.com.mk/dokumenti-i-izveshtai/

Сите постапки и дејствија во деловната 2020 година беа во согласност со законот и одредбите од Кодексот за корпоративно управување. Имено, друштвото постапуваше транспарентно во поглед на обврската за обелоденување податоци и информации, процедурите за контрола и ревизија во друштвото целосно се почитуваа, а доследно се применуваа и највисоките барања поврзани со начинот на функционирање на органот на управување, собранието на акционери и помошните тела.

Во овој годишен извештај за работењето на друштвото се содржани сите аспекти од делот V на Кодексот за корпоративно управување, на кој начин се исполнува обврската за доследно презентирање информации и податоци поврзани со корпоративното управување.

## 15. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото

### 15.1. Економскиот амбиент во Република Северна Македонија во текот на 2020

Макроекономските услови во кои друштвото ја остваруваше својата активност во текот на 2020 година, беа условени од ефектите од здравствената и економската криза која започна на почетокот на таа година. Имено, во март 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) прогласи светска пандемија заради интензитетот на ширењето на вирусот ковид-19 (SARS-Cov-2) и здравствените последици кои истиот ги предизвикува. Во вакви околности, заради пандемијата со ковид-19, друштвото работеше и во услови на прогласена вонредна состојба во државата, почнувајќи од 18.03.2020 година, заклучно со 22.06.2020 година. Во овој период, друштвото преземаше интензивни активности и во целост го прилагоди своето работење со донесените препораки и уредби од Владата, заради заштита на здравјето на вработените и на клиентите, како и со измените на регулативата поврзана со управувањето со пазарниот ризик и останатите одлуки донесени од страна на институциите на системот, кои беа креирани пред сè за да ги заштитат економските оператори кои се директно погодени од кризата. Исто така, со цел да го заштити здравјето на вработените и на клиентите, во друштвото беа преземени бројни организациско-технички активности, кои воедно обезбедија континуитет на деловните операции и овозможија достапност на производите и услугите на безбеден начин. И покрај тоа што беше укината вонредната состојба и престана важноста на голем број од рестриктивните мерки, неповолната состојба со ковид-19 продолжи и во следниот период, така што, согласно објавените податоци и показатели за остварувањата во реалниот сектор, негативните ефекти врз БДП се видливи со крајот на вториот квартал од 2020 година, додека последиците врз стопанскиот и финансискиот систем ќе се почувствуваат со одредено временско задоцнување, во наредните 2-3 години. Согласно тековното остварување на предвидувањата за зголемен есенски бран на заболени, дел од европските земји повторно ги вратија рестриктивните мерки кои ќе имаат дополнително негативно влијание врз економскиот раст. Заради тоа, Владата кон крајот на годината донесе дополнителни економски мерки за ублажување на кризата и донесена е Одлука за продолжување на рокот на постоење кризна состојба во државата до 30.06.2021 година. Покрај изразеното неповолно влијание на здравствената криза, макроекономските услови во кои друштвото ќе ја остварува својата активност, исто така, е условено и од геополитичките состојби, блокадата на евроинтеграциските процеси на државата од страна на источниот сосед и од домашните политички случувања. Високото ниво на неизвесност во домашната економија и на меѓународен план, упатува на потребата од поконзервативен пристап во обликувањето на очекувањата за 2021 година, при што се земени предвид очекувањата на Министерството за финансии, Народната банка на Република С. Македонија, ММФ и Светската банка. Во услови на значајно влошување на меѓународното економско окружување и негативни економски импликации од спроведувањето на мерките за спречување на ширење на корона вирусот во земјата,

економската активност во 2020 година се очекува да забележи пад кој би се движел од -5,4% до -4,9%, при претпоставка шокот од пандемијата да се пролонгира во 2021 година. Неповолното глобално окружување ќе влијае врз активноста на домашните компании, пред сè на извозно ориентираните и на инвестициската активност на деловните субјекти. Се очекува намалување на приватните трансфери од странство, а ограничувачките мерки се очекува да имаат одредено влијание врз пазарот на работна сила и расположливиот доход на домаќинствата. Економското заздравување се очекува да продолжи со поумерено темпо во текот на 2021 година, при што е проектиран економски раст од 3,9% до 4,8%

### 15.2. Состојби во Друштвото

„Витаминка" АД Прилеп ја заврши 2020 год. генерално успешно. Беше остварен раст во продажбата, но со намалена добивка, со традиционално подобри резултати во работата во последните три месеци (октомври, ноември, декември). Вкупниот раст на приходите од основна дејност е 2,67 % на ниво на година, што е резултат на зголемените приходи од продажба на масло за јадење.

Вкупната актива на друштвото е зголемена за 6,85 % и истата изнесува околу 42.041.000,00 евра. Зголемувањето на активата се должи на продолжениот тренд на инвестирање во друштвото во градежни објекти, модернизација на техничко-технолошките процеси и зголемување на обртните средства на друштвото.

Друштвото, тековното работење и инвестициите ги финансираше од долгорочни и краткорочни кредити и оттаму зголемувањето на вкупниот финансиски долг за 12%.

Ако се погледне висината на прикажаната добивка за 2020 година, може да се заклучи дека истата бележи пад за 16 % во однос на 2019 година. Ваквиот финансиски резултат се должи на порастот на бруто платите согласно зголемувањето на платите на нивото на целокупното стопанство, големиот раст на цената на суровото масло на светските берзи, посебно изразен во послениот квартал и резервации поради ненаплатливост на одредени побарувања предизвикани од кризата со пандемијата.

Од работењето на фабрика 3 (производство на масло за јадење), може да се констатира дека, во текот на цела 2020 година се оствари планираното производство и се осигураа продажни позиции во малопродажните и големопродажните објекти во државата, но, секако, треба да се има предвид фактот споменат во претходниот пасус. Генерално, може да се оцени дека ситуацијата со производството и продажбата е на задоволително ниво.

„Витаминка" АД Прилеп, кон крајот на 2020 година, обезбеди солидна финансиска поддршка од државата, а согласно со одредбите од Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Уредбата за поддршка на инвестиции и јакнење на конкурентноста на деловните субјекти во COVID и POST-COVID периодот.

Во однос на инвестициите во 2020 година, беа поддржани инвестициите во однос на модернизација на погонот за "Цевитана", реконструкција на дистрибутивните центри во Скопје и Штип, комплетен ремонт на линијата за чоколада и помали инвестиции за подобрување на ефикасноста на погоните. Со потфатот во дистрибутивните центри, значително се олеснува и модернизира работењето на друштвото и се зголемува ефикасноста во испораките на стока.

Од аспект на инвестирањето во опрема, во 2020 година се ставија во функција сите претходно набавени машини за пакување и дополнителна опрема, како и склучени договори за опрема во функција на зголемување на продуктивноста на работењето.

Во однос на работењето на пазарот во Р.Србија, како значаен стратешки пазар, 2020 година беше многу лоша, неповолна поради пандемијата, но и поради лошото деловно работење на новиот дистрибутер за тој пазар „Ал Гроссо“.

04.03.2021 год.
Прилеп

П.И.„Витаминка“ АД

Претседател на О.Д.
Дипл.инг. Симон Наумоски